**ЗАПИСНИК**
**од 26 - та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 26.08.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, Претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ (породилно отсуство).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев – Чакар, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11 часот и 05 минути и се одржа во просториите на Агенцијата.

Предлози за измена и дополнување на дневниот ред не беа предложени.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Усвојување на Записникот од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.08.2015 година.
2. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Ирис ДОО Штип.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски, во врска со Записникот од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.08.2015 година, објасни дека по добиените информации од Стручната служба на Агенцијата, поголем дел од вработените се на годишен одмор, поточно вработените кои се задолжени за изработка на Записникот и од таа причина истиот не е изработен. Во таа насока предложи записникот да се одложи и да се стави на усвојување на првото продолжение на 26-та седница, кое ќе се одржи пред започнување на следната 27-ма седница на Советот на Агенцијата.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Ирис ДОО Штип. Објасни дека Советот на Агенцијата на ТРД Ирис ДОО Штип, му додели дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на регионално ниво, за подрачјето Д3 – Туртел, телевизиски

програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик. При тоа Агенцијата на ден 09.07.2015 година, во однос на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување, на ТРД телевизија Ирис ДОО Штип, му достави фактура за надоместокот за дозволата со која радиодифузерот има обврска да плати 274.728,00 денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување, за периодот од 25.06.2015 година заклучно со 24.06.2016 година. Законскиот рок за плаќање на фактурата беше 20.08.2015 година, во кој рок овој радиодифузер не го платил во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, односно во кој рок извршил само делумна уплата на износ од 74.728,00 денари. Од таа причина, согласно законот, се предлага да се покрене постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија Ирис ДОО, Штип.

Г-дин Петрушевски, во својата дискусија рече дека се надева дека ТРД Телевизија Ирис ДОО Штип ќе успее да ги уплати средствата. Појасни дека колку што се сеќава, наведениот радиодифузер и претходните години го имал истиот проблем и надоместокот го плаќал во последен момент.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-983 од 25.08.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво Телевизија Ирис ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-5148/1 од 21.08.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, да испрати писмен допис до управителот на ТРД Телевизија Ирис ДОО Штип, со кој ќе го извести дека доколку не го платат годишниот надоместок за дозволата, согласно фактурата издадена од Агенцијата, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање, Советот на Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Ирис ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година).

**Бр. 02-5182/3**
**02.09.2015 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**